МУЗЕЈ
НА СОВРЕМЕНАТА
УМЕТНОСТ
СКОПЈЕ

# ЕВОЛУЦИЈА НА ЕДНА ФОРМА

АРХ. ДРАГАН
БОШНАКОСКИ

11 — 22 МАЈ 1972

ПОКРОВИТЕЛ
ДРВНА
ИНДУСТРИЈА
„ТРЕСКА“

## ФОРМА КОЈА ГО БАРА СВОЈОТ КОРЕН

Како да се најде вистинскиот облик на еден предмет? Кој е патот: функционалноста, податливоста на материјалот, традицијата на поднебјето? Што треба да се направи за предметот да израснува од еден простор, одново да врасне во него?

Низ линиите на предметите од покуќнината, низ сплетовите од внатрешноста на куќите и низ контурите на нивните надворешни форми, Драган Бошнакоски се обидува да го најде одговорот. За Бошнакоски човечноста на еден предмет, на еден објект не се состои во неговата строга функционалност; до неговата хумана содржина овој автор доаѓа низ вековната мудрост на предците, низ искуството што го стекнале генерациите спојувајќи ја употребната вредност и природата на материјалот со сенките и светлините на своето поднебје, со духот и сфаќањата на националната традиција.

Во барањето на некои основни прапочетоци на идната форма Бошнакоски како да поаѓа од некои облици чија линија ја испишало во дрвото искуството на вековите: на вретеното, на фурката. Во лесната извитканост на линијата ја препознаваме одеднаш формата на охридската куќа, на нејзиниот прозорец. Од под пластовите на изминатото време избива во сета своја сериозност престолниот стол од македонските цркви.

Од сето тоа Бошнакоски ја изведува суштината, основниот мотив, сржта. Сѐ е очистено, сублимирано, па сепак не и упростено: оставен е простор за играта на окото и духот, за загатка и за ритуал. Орнаментот е тука, како во предметите од изминатите векови, за да го осмисли напорот на мајсторот и градителот, да му даде завршен акцент на делото, да биде печат и потпис. Ништо тука не оди право кон целта, ништо не брза: околу или раката се лизга низ облините, наоѓа потпирки, места за земање здив, паузи; дланката се стега околу дрвеното јадро, окото слегува низ благата низдолнина на линијата.

Окружени со предметите на Бошнакоски, седејќи во ентериерите што тој ги обликувал, ние — и покрај сите брзања на нашите денови — пак имаме време за долги разговори, за гозби сфатени како обреди, за медитирања. Ние го допираме предметот и тој нé допира нас: низ тој допир одново го препознаваме светот на облиците што произлегле од нашата рака и одново сме во пријателство со нив.

Влада УРОШЕВИЌ



Роден е на 12. VI. 1934 г. во Галичник. Академија за применета уметност одсек внатрешна архитектура завршил во Белград 1959 г. во класата на арх. Ѓорѓе Крекиќ.

Прва самостојна изложба 1959 год. во Скопје. Излагал на сите колективни изложби на ДЛУПУМ.

СОДРЖИНА


1. СТОЛИЦА — ЗА КАТЕДРАЛНАТА ЦРКВА СВ. СОФИЈА ВО ОХРИД ........
2. НАРОДЕН МУЗЕЈ ТИТОВ ВЕЛЕС ........
3. МЕМОРИЈАЛЕН МУЗЕЈ НА I-ТА МАКЕДОНСКА УДАРНА БРИГАДА, СКОПЈЕ ........
4. КЛУБ НА НИП НОВА МАКЕДОНИЈА........
5. РАБОТЕН КАБИНЕТ — СТАКЛАРА СКОПЈЕ ........
6. СУЛИ АН — АДАПТАЦИЈА И ПРЕНАМЕНА НА ЕНТЕРИЕР, ПРОЕКТ ........
7. СТУДИЈА НА НАМЕШТАЈ ........
8. РЕСТОРАН МЕТРОПОЛ, ПРОЕКТ ........
9. КОНКУРСЕН ПРОЕКТ МАНУ — автори арх. благоја колев и арх. драган бошнакоски ........
10. КОНАЦИ СВ. ПАНТЕЛЕЈМОН — НЕРЕЗИ........


ФОТОГРАФИИ БЛАГОЈА ДРНКОВ

